

Локални избори 2013

# КАНДИДАТ:
# АЛЕКСАНДАР ПЕТРЕСКИ

# ПЕРИОД: 2009-2013

# ОБЛАСТ:
# ПРИОРИТЕТНИ ВЕТУВАЊА

# РЕЗУЛТАТИ:




# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Градоначалникот на општина Охрид, Александар Петрески, во својата изборна програма за периодот 2009-2013 година, во областа „Приоритети“ има ветено 17 (седумнаесет) проекти. Анализата на овие проекти покажува дека од нив 1 (едно) е исполнето, 4 (четири) се делумно исполнети, 5 (пет) се неисполнети, 2 (две) се недоследни, а 5 (пет) се неконкретни.

Според овие бројки, исполнетоста на ветувањата од областа „Приоритетни ветувања“ е 6% исполнета, 24% делумно исполнета, 12% недоследна, 29% неисполнета и 29% неконкретна.

*Оценето од: Ивана Петкуќеска*

# ПРОЕКТИ ОД ДЕЛОТ ПРИОРИТЕТИ:

## 1. Закон за Охрид




**Образложение:**

Предложувањето и донесувањето на Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (познат како Закон за Охрид) не е во надлежност на општината туку на Собранието. Овој закон е усвоен од страна на Собранието, а предложен и подготвен од страна на Министерството за култура на Република Македонија

**Линкови:**

- Pravo.org.mk: Закон за Охрид [Пристапено на: 06.02.2013]
- Lihnid.com: Собранието го изгласа Законот за Охрид [Пристапено на: 06.02.2013]
- Ohridnews.com(06.04.2011) Конечно изгласан Законот за Охрид [Пристапено на 06.02.2013]
- ТВМ Телевизија (12.03.2011): Закон за Охрид [Пристапено на: 06.02.2013]
- ТВМ Телевизија (25.10.2010): Закон за Охрид...Конечно?! [Пристапено на 06.02.2013]

**Оцена: Недоследно**

## 2. Воспоставување механизам за ефикасно управување и заштита на охридското природно и културно наследство како дел од светското природно и културно наследство




**Образложение:**

Нема објаснување на каков механизам се мисли. Охридското природно и културно наследство е прешироко поим и опфаќа многу различни аспекти (вклучува и градби, но вклучува и природни богатства), и тоа бара различен пристап и примена на различни мерки за управување и заштита (пример носење стратегии и планови, еколошки проекти, реставрации итн).

**Оцена: Неконкретно**

*Оценето од: Ивана Петкуќеска*

## 3. Регулација и рехабилитација на сливното подрачје на Охридското Езеро.




**Образложение:**

Во сливното подрачје на Охридското Езеро припаѓаат сите води кои директно се влеваат во Охридското езеро и нивните притоки. Дел од нив се наоѓаат на територијата на општина Охрид, општина Струга и општина Дебарца. Не се објаснува кои мерки ќе се преземат за да се регулира и рехабилитира сливното подрачје, како и на тоа кои реки и нивни притоки би се опфатиле со тие мерки, така што нема начин да се измери и оцени за секоја река посебно што е/не е направено. Дополнително, регулацијата и рехабилитацијата се процеси, не може да се регулира и рехабилитира еднаш засекогаш па ветувањето да биде оценето како исполнето.

Сепак, во рамки на активностите за реализација на Акциониот план на Министерството за транспорт и врски за чистење на реките и дел од крајбрежјата на Езерата во Македонија, Дирекцијата за заштита и спасување, а во соработка со Општина Охрид го прочистија речното корито на „Грашница“.

**Линкови:**

- Општина Охрид (14.07.2010): Ќе се чистат речните корита на „Даљан“ и „Грашница“ како и водотеците од сливот во Охридското езеро [Пристапено на 16.02.2013]
- Општина Охрид (01.10.2010): Објавен тендер за уредување на речното корито на реката Грашница [Пристапено на 16.02.2013]
- Министерство за земјоделството, шумарство и водостопанство: Риболовна основа за риболовна вода „Охридско Езеро“ 2011 - 2016 [Пристапено на 16.02.2013]

**Оцена: Делумно исполнето**

## 4. Изградба на депонија за третман на отпад




**Образложение:**

Изградбата на депонијата е за цел Југозападен регион и сè уште не е започната, додека Александар Петрески и Охридски комуналец предлагаат да се изгради фабрика за преработка на отпад.

**Линкови:**

- Алфа ТВ (23.09.2012): Фабрика за отпад, наместо депонија, во Охрид [Пристапено на: 06.02.2013]

**Оцена: Неисполнето**

*Оценето од: Ивана Петкуќеска*

### 5. Подобрување на постоечката и изградба на нова туристичка инфраструктура




**Образложение:**

Ветувањето се оценува како неконкретно бидејќи не се наведува што точно се подразбира под „туристичка инфраструктура", која е постоечката и како ќе се подобри и што се мисли под „нова"

**Оцена: Неконкретно**

### 6. Зголемување на бројот на сместувачките капацитети во општината




**Образложение:**

Секторот за туризам и локален економски развој на Општина Охрид единствено евидентира и издава решенија за категоризација на угостителските објекти за сместување. Но, во ветувањето не е наведено како Општината би придонела кон зголемување на нивниот број и затоа се оценува како неконретно.

**Линкови:**

- Општина Охрид (14.03.2012): Наскоро завршува важноста на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем [Пристапено на 06.02.2013]

**Оцена: Неконкретно**

### 7. Изградба на современ објект за Автобуската станица




**Образложение:**

До сега единствено е донесена одлука за отпочнување на постапка за изградба на нова автобуска станица и катна гаража. Одлуката е донесена во октомври 2012 на седница на Совет.

**Линкови:**

- Build (27.10.2012): Охрид ќе гради нова автобуска станица и катна гараѓа по пат на јавно-приватно партнерство [Пристапено на: 06.02.2013]
- Inpress (27.10.2012): Охрид ќе добие катна гаража и нова автобуска со јавно-приватно партнерство [Пристапено на: 06.02.2013]
- Ohridnews (24.04.2012): Охрид и летово со импровизирана автобуска станица [Пристапено на: 06.02.2013]
- Ohridnews (27.09.2012): ВМРО-ДПМНЕ: Петрески нема кредибилитет да зборува за автобуска и катна гаража [Пристапено на: 06.02.2013]

*Оценето од: Ивана Петкуќеска*

- Алфа ТВ (28.10.2012): Охрид со автобуска станица и катна гаража [Пристапено на: 06.02.2013]
- Телма ТВ (28.10.2012): Општина Охрид реши да гради катна гаража и автобуска станица [Пристапено на: 06.02.2013]

**Оцена: Неисполнето**

## 8. Изградба на современ пазар




**Образложение:**

Изградбата на современ пазар не е ни во најава, нема никакви одлуки, планови или договори кои барем би го најавиле почетокот на изградбата, како што е случајот со новата автобуска станица.

**Линкови:**

- Ohridnews (20.03.2012): Михаилов: Охрид ќе добие современ пазар, но од градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ [Пристапено на: 06.02.2013]
- Курир (20.03.2012): ВМРО-ДПМНЕ: Петрески излажа дека ќе изгради нов пазар во Охрид [Пристапено на: 06.02.2013]
- Сител ТВ (20.03.2012): Сеуште ништо од најавите Охрид да добие модерен пазар? [Пристапено на: 06.02.2013]

**Оцена: Неисполнето**

## 9. Изградба на дом за стари лица




**Образложение:**

Од Општина Охрид и СДСМ изјавуваат дека тие донесле ДУП, но не може да започнат со процедурата бидејќи треба да добијат дозвола од Министерство за транспорт и врски, од каде не ја добиваат.

**Линкови:**

- Дневник (28.09.2011): Охрид ќе гради дом за стари лица [Пристапено на: 06.02.2012]
- Сител ТВ (06.11.2011): Охрид: Локација има, но дом за стари лица се уште нема [Пристапено на: 06.02.2012]
- Телевизија ТВМ (20.03.2010): Дом за стари лица во Охрид, се поизвесен [Пристапено на: 06.02.2012]

**Оцена: Неисполнето**

*Оценето од: Ивана Петкуќеска*

## 10. Изградба на училишни спортски сали во населбите: Радоица Новичиќ, Лескоец и Пештани




**Образложение:**

Изградена е училишна спортска сала само во с. Пештани, додека во Радоица Новичиќ и с. Лескоец изградбата воопшто не е ни започната (нема никакви информации ни на веб страната на општината, ни во локалните и националните медиуми за сали во Радоица Новичиќ и с. Лескоец)

**Линкови:**

- Општина Охрид (07.05.2012): Завршна фаза од изградбата на спортската сала во Пештани. [Пристапено на: 06.02.2013]
- Општина Охрид (19.03.2012): Привршува изградбата на спортската сала во пештани која е целосно финансирана од општина Охрид [Пристапено на: 06.02.2013]
- Општина Охрид (25.11.2011): Интензивни активности за изградба на фискултурната сала во оу „св. Наум охридски“ во Пештани [Пристапено на: 06.02.2013]
- Општина Охрид (20.05.2011): Камен-темелник за спортската сала во Пештани [Пристапено на: 06.02.2013]
- Општина Охрид (20.05.2011): Свечено поставен камен темелник на спортската сала во училиштето во Пештани [Пристапено на: 06.02.2013]
- Ohrid1 (20.05.2011): Нова спортска сала во Пештани гради Охрид [Пристапено на: 06.02.2013]
- Ohridnews (19.03.2012): Изградбата на спортската сала во Пештани во завршна фаза [Пристапено на: 06.02.2013]
- Lihnid: Пештани ќе добие современа спортска сала [Пристапено на: 06.02.2013]
- Ohridon (25.05.2012) Пештани доби современа спортска сала [Пристапено на: 06.02.2013] http://www.ohridon.com/m-vesti/8420.html
- OhridSky (24.05.2011) Поставен каментемелник на спортската сала во ОУ “Св.Наум” Пештани [Пристапено на: 06.02.2013]
- Телевизија ТВМ (24.05.2012): Пештани доби спортска сала [Пристапено на: 06.02.2013]

**Оцена: Делумно исполнето**

*Оценето од: Ивана Петкуќеска*

## 11. Изградба на велосипедски патеки во сите делови на градот




**Образложение:**

Велосипедски патека се изградени во централното градско подрачје, но завршуваат кај населба Далјан.

**Линкови:**

- Охрид1 (08.04.2012): Граѓаните од Даљан бараат велосипедски патеки [Пристапено на: 06.02.2013]
- Ohrid News (16.11.2011): Велосипедски патеки или нешто друго [Пристапено на: 06.02.2013]

**Оцена: Делумно исполнето**

## 12. Реновирање на сите училишни објекти кои не се во образовна функција во селските средини




**Образложение:**

Општина Охрид, според Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија од 2004 година, опфаќа 28 села, каде генерално кај половина од нив има(ло) само основно училиште. Според достапните информации, на територијата на општините Охрид и Дебарца функционираат околу дваесетина подрачни училишта.

Бидејќи не постојат јавно достапни информации за реновирање на училишта кои не се во образовна функција, испративме барање за слободен пристап до информации во кое општината ни одговори дека до сега е реновирана училишната зграда во с. Велестово, која долги години не била во функција. Општината не одговори на барањето „Доставете ни листа со сите училишни објекти кои не се во образовна функција во селските средини“ и поради тоа ветувањето се оценува со делумно исполнето.

**Линкови:**

- ТМВ (27.08.2012): Гаснат селските основни училишта [Пристапено на: 19.03.2013]

**Оцена: Делумно исполнето**

*Оценето од: Ивана Петкуќеска*

## 13. Санација на руината наречена спортска сала во селото Велгошти




**Образложение:**

Санацијата на спортската сала е започната, меѓутоа истата е финансирана и се реализира од централна власт преку Агенција за млади и спорт. Општина Охрид е единствено задолжена за потпишување на решенијата за реализација и ослободување од комунални давачки, што е исполнето.

**Линкови:**

- Велгошти (15.07.2012): Велгошти сепак ќе добие спортска сала [Посетено на 07.02.2013]
- Курир (27.09.2012): Започна реконструкцијата на спортската сала во Велгошти [Посетено на 07.02.2013]
- Ohridnews (14.07.2012): Ќе се реконструира спортската сала во Велгошти [Посетено на 07.02.2013]
- Лихнид: Започна реконструкцијата на спортската сала во Велгошти [Посетено на 07.02.2013]
- Нет Прес (07.12.2012): Градежните работи за спортската сала во Велгошти во финална фаза [Посетено на 07.02.2013]
- ТВ ТВМ (16.01.2012): Спортската сала во Велгошти за скоро ќе профункционира [Посетено на 07.02.2013]
- Денешен Весник: Реконструкција на спортската сала во охридско Велгошти [Посетено на 07.02.2013]
- ВМРО- ДПМНЕ (27.09.2012): Започна реконструкцијата на спортската сала во Велгошти Охрид [Посетено на 07.02.2013]
- Општина Охрид (22.03.2012): Градоначалникот Александар Петрески ги потпиша решенијата за легализација и ослободување од комунални давачки за спортската сала во Велгошти [Посетено на 07.02.2013]

**Оцена: Исполнето**

## 14. Водовод и канализација дури и за последното домаќинство




**Образложение:**

Бидејќи не постојат информации за точен број на домаќинства на територија на општина Охрид, како и број на корисници на Водовод Охрид ова ветување е невозможно да се оцени. Се обидовме да добиеме бројка на корисници на Водовод Охрид но секторот за односи со јавност ни рекоа дека само директорот може да ни даде таква информација од каде не добивме одговор.

**Оцена: Неконкретно**

*Оценето од: Ивана Петкуќеска*

## 15. Асфалтирање пристапен пат до секое домаќинства.




**Образложение:**

Ветувањето се оценува како неконкретно бидејќи ја опфаќа целата територија на Охрид, а е невозможно да се провери која била состојбата пред почетокот на мандатот, а која сега и како таа е изменета од активности на општината. Дополнително, не се наведени критериуми за пристапен пат.

**Линкови:**

- Ohridnews (01.06.2011): Поради асфалтирање нема да има сообраќај на улиците Никола Карев и Лазо Трпоски [Посетено на:09.02.2013]
- Ohridnews (18.02.2010): За асфалтирање на охридските улици ќе се потрошат 61,3 милиони денари [Посетено на:09.02.2013]
- Утрински Весник (19.10.2012): Селски пат ги раскара општина Охрид и премиерот Груевски [Посетено на: 09.02.2013]
- Лихнид (25.09.2012): Локалната ја средува инфраструктурата во Охрид [Посетено на: 09.02.2013]

**Оценка: Неконкретно**

## 16. Бесплатно вонредно довршување на средното образование на секој што го нема довршено овој образовен степен




**Образложение:**

За ова ветување нема никаква вест ни по медиуми ниту пак на веб страната на Општина Охрид. Поради тоа испративме барање за слободен пристап до информации до општината, од каде ни беше одговорено дека: „Бесплатното вонредно довршување на средното образование опфаќа одредена категорија граѓани. Општина Охрид нема донесено План или Програма за довршување на средното образование. Во општина Охрид досега вакво барање нема доставено ниеден граѓанин.“

**Оцена: Неисполнето**

*Оценето од: Ивана Петкуќеска*

### 17. Обезбедување просторни услови за дисперзирани студии од државните универзитети




**Образложение:**

Во недостаток на јавно достапни информации за ова ветување испративме барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до општина Охрид од каде го добивме следниот одговор: „Општина Охрид нема законска обврска да обезбеди услови за формирање на дисперзирани студии на државните универзитети. Општините во Р. Македонија имаат ингеренции во основното и средното образование како задолжително образование. Натаможното ниво на формирање на едукативниот процес не спаѓа во доменот на обврските на локалната самоуправа.“

**Оцена: Недоследно**

*Оценето од: Ивана Петкуќеска*